ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
Скопје

| Примено: 14.03.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 306/2 | | |

Примено на 13.03.2017

Број: 09-167/2
Дата: 06.03.2017

**ДО**
**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**
**Д-р Арбр Адеми, заменик на претседателот на**
**Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања**
**Ул. Кеј „Димитар Влахов" број 4**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Доставување на известување за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечен извештај на ОДР

Почитуван г. Адеми,

Ве известуваме дека во периодот 23.02.2017 и 24.02.2017 година извршивме проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор број 09-73/10 и 09-73/11 од 01.08.2016 година.

Во прилог Ви ги доставуваме Известувањата за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечните извештаи на овластениот државен ревизор број 09-73/10 и 09-73/11 од 01.08.2016 година за Секретаријатот за европски прашања.

Со почит,

**Главен државен ревизор**
**м-р Тања Таневска**

**Изработил: Бранка Ажиевска, виш ревизор**

**Одобрил:**
**м-р Цвета Ристовска,**
**Помошник на главниот државен ревизор**

# Известување за извршена проверка

## на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-73/10 од 01.08.2016 година за Секретаријатот за европски прашања

| Препо рака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препор аката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 4.1.1. | Одговорното лице на СЕП да продолжи со отпочнатите активности за воспоставување на целосен систем на внатрешни контроли во процесот на плаќање согласно ЗЈВФК, актите за организација и систематизација и интерните акти за финансиско работење. | СП | Од страна на одговорното лице донесени се Решенија за овластување на двајца вработени во СЕП за вршење на должност раководител на одделение за буџетска контрола и раководител на одделение за буџетска координација. Донесено е Упатство за измена и дополнување на Упатството за финансиско работење во СЕП број 06-116/2 од 02.11.2016 година. Извршена е измена и дополнување на Правилникот за | Со увид на дел од финансиската документација од јануари/февруари 2017 година констатиравме дека воспоставена е контрола во процесот на готовинско и безготовинско плаќање. Имено, фактурите се потпишуваат од страна на овластеното лице за буџетска контрола и помошник раководител на сектор за финансиски прашања и се ликвидираат од страна на ликвидаторот. Обрасците за прием и исплата на парични |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | систематизација на работни места во СЕП број 01-66/6 од 05.06.2016 година со кој раководителот на секторот за финансиски прашања директно одговара на Заменик претседателот на Влада задолжен за европски прашања. | средства (каса-прими и каса-исплати) се потпишуваат од благајникот, овластеното лице за буџетска координација и помошник раководител на сектор за финансиски прашања, додека благајничкиот дневник се потпишува од благајникот и ликвидатор. Примената на донесеното упатство во континуитет може да се потврди со вршење на ревизија во наредниот период. |
| 2. | 4.2.1. | Одговорното лице да преземе мерки и **активности за спроведување на целосен попис на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива.** | ДС | Преземени се следните мерки за спроведување на попис:<br>- Со цел да се изврши унифицирано обележување на средствата со инвентарни броеви испратени се барања до СОЗР на Влада на РМ да обезбеди инвентарни броеви со бар кодови. СОЗР набавила | Со увид во пописниот материјал за извршен попис на средствата за 2016 година ревизијата констатира дека:<br>- сите средства не се обележани со инвентарни броеви;<br>- вонредната пописна комисија по извршениот попис на средствата на СЕП во зградата на Влада на РМ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | инвентарни броеви, но во недоволен број за обележување на целокупната опрема;<br>- за вршење на пописот на средствата на СЕП кои се наоѓаат во зградата на Владата формирана е вонредна комисија од одговорното лице на СЕП решение број 01-54/27 од 23.05.2016 година, а од страна на ГС на Владата на РМ назначено е лице за работа со комисијата. По одржани координативни состаноци започнал попис на средствата, но истиот не е во целост завршен. | извршила физички попис на дел од средствата;<br>- пописните листи на основните средства содржат податоци само за количината, без вредносни показатели.<br>Поради горенаведеното иако, во СЕП се преземени мерки и активности , истите не се доволни за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива. |
| 3. | 4.3.1. | Одговорното лице на СЕП да преземе мерки и активности пресметката на придонесите од плата за вработените, да се врши согласно позитивната законска и подзаконската регулатива, а во соработка со надлежните републички фондови да преземе иницијатива за искористување на повеќе уплатените средства за придонесите од плата за нареден период. | СП | За вработените од СЕП упатени во постојана мисија на РМ во ЕУ во Брисел, почнувајќи од јуни 2016 пресметката на придонесите од плата се прави по последната плата која вработените ја | Направените исправки на исплатените плати за период од мај 2009 година до мај 2016 година се доставени до УЈП со цел да се искористат повеќе уплатените средства за придонеси во наредниот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | добивале пред упатување на работа во претставништвата, согласно законите и Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци во ДКП на РМ. Исто така, направена е исправка на исплатените плати за период од мај 2009 година до мај 2016 година. | период. |
| 4. | 4.3.2. | Одговорното лице на СЕП да продолжи со отпочнатите активности за донесување на нов акт за начинот на користење на угостителските услуги и негова доследна примена. | ВТ | Од страна на одговорното лице донесено е Решение за користење на угостителските услуги што се плаќаат од Буџетот на СЕП број 05-903/1 од 10.10.2016 година. | Со увид на дел од фактурите за користење на услугите во други угостителски објекти, ревизијата констатира дека приложени се документи и назначен е видот и карактерот на службената потреба за користење на услугата. Доследна примена на донесеното Решение за користење на угостителските услуги може да се потврди со |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | вршење на ревизија во наредниот период. |
| 5. | 4.3.3. | Одговорното лице на СЕП да преземе активности за доследна примена и почитување на законската регулатива и подзаконските акти при спроведувањето на постапките за јавни набавки во делот на наведување на сите битни елементи во одлуките. | ДС | Преземени се активности за примена и почитување на законската регулатива и подзаконските акти во делот на:<br>- наведување на сите битни елементи во одлуките за видот, количината и предметот на набавка;<br>- поднесување на изјави од сите членови и заменици на Комисијата за јавни набавки и одговорното лице на субјектот;<br>- за извршена проверка за негативна референца на економски оператори постои документиран и архивски заведен доказ. | Со увид во документацијата на две завршени постапки за јавни набавки констатиравме дека не е обезбедена согласност од Советот за ЈН, што не е во согласност со Законот за ЈН.<br>Поради наведеното иако во голем дел се преземени мерки и активности, истите не обезбедиле целосна примена и почитување на законската регулатива за јавните набавки. |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

# Известување за извршена проверка

**на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-73/11 од 01.08.2016 година за Секретаријатот за европски прашања**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 4.1.1. | Одговорното лице на СЕП да преземе мерки и активности за:<br>- прибавување на комплетната документација со цел потврдување на состојбата на сметката материјални средства во подготовка и на сметката за обврски кон добавувачи,<br>- согласно прибавената документација, да се спроведе нивно евидентирање во деловните книги на СЕП и<br>- спроведување на попис на средствата и изворите на средствата со кои располага СЕП во согласност со законската регулатива. | НС | Од страна на одговорното лице не се преземени мерки. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 4.2.1. | СЕП да преземе активности за усогласување на обврските најмалку еднаш годишно, со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи. | НС | Од страна на одговорното лице не се преземени мерки. | |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

Ревизорски тим:
1. ..............................
2. ..............................
3. ..............................

Овластен државен ревизор
..............................